Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр.5/2002), а во врска со член 16 став (1) и член 17 став (1) и (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.10/2020) и член 40, член 40-а и член 40-б од Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2020), Градоначалникот на Општина Кочани на ден 25.09.2024 година објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за номинирање на претставници од формите на организирање и здружување на младите заради формирање на Иницијативен одбор кој ќе учествува во процесот на конституирање на локално собрание за млади на Општина Кочани**

Општина Кочани распишува Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Кочани, кој претставува неформална група со цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во Советот.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена, жители на Општина Кочани, на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Иницијативниот одбор трае до одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

Општина Кочани ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Кочани, а работата на истото се координира и помага од Службеникот за млади на Општина Кочани.

**УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР:**

-Поддршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и Одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот Младински Совет;

-Распишување повик за конститутивно Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на јавност и транспарентност;

- Соработка со општината при организација и одржување на конститутивното Локално СОбрание на млади.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО:**

Јавниот повик е упатен до формите на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, а тоа се:

- младинските организации
- организации за млади
- политички подмладоци
- ученички организации
- студентски организации
- други облици на младинско здружување, кои не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Кочани и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот Младински Совет.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ**

Младинските организации заинтересирани да аплицираат треба да ги доставаат и следните документи:

1. Пријава за номинација поднесена од младинска организација (*Образец во прилог*)
2. Портфолио на организацијата/групата/здружението
3. Извештај за работата на младинската организација / здружението за 2022- 2023 година или друг документ во кои се наведени реализирани активности со млади, младински политки и иницијативи на подрачјето на општина Кочани,
4. Писмо со номинација за член во Иницијативниот одбор и контакт информации
5. Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.
6. Изјава за согласност за користење на лични податоци (*Образец во прилог*) и
7. Изјава за согласност од номинираните лица за прифаќање на номинацијата (*Образец во прилог*).

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

-Жител на Општина Кочани

-Возраст од 15 до 29 години и

-Проактивен, креативен и способен за индивидуална и тимска работа

**НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ:**

Сите заинтересирани младински организации или други младински структури кои ги исполнуваат условите и критериумите наведени во овој Повик, можат да поднесат Пријава за номинација на свои претставници со потребната документација во еден примерок (потпишана од одговорното лице на организацијата), **секој работен ден од 07:30-15:30 часот до крајниот рок за поднесување на пријави**:

- во Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани на ул. „Раде Кратовче“ бр. 1 Кочани 2300,
- по пошта на наведената адреса на Општина Кочани или
- целокупната документација да ја скенират и достават на мејл:info@kocani.gov.mk.

Писмената документацијата се поднесува во затворен плик означен со ознака: **„За јавен повик за формирање на Иницијативен одбор“**, ако се поднесува по електронски пат се опишува предметот на пораката: **„За јавен повик за формирање на Иницијативен одбор“.**

**РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ:**

Јавниот повик трае 7 (седум) работни дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Кочани, односно од 25.09.2024 година.

Крајниот рок за поднесување на пријави е **04.10.2024 година до 15:30 часот.**

Поднесените пријави ќе ги разгледа посебна комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани од редот на администрацијата, која ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на поднесената документација.

Дополнителни информации може да добиете на тел.033/274-001.

Лице за контакт: Љубинка Спанчевска b.spanchevska@kocani.gov.mk , тел. 070/375-731.
Славица Давиткова s.davitkova@kocani.gov.mk, тел. 070/348-425.

Бр. 03-1459/2
25.09.2024 година
Кочани

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КОЧАНИ